Врз основа на член 36 став1 точка 15 и 62 став1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) а во врска со член 11 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22) и член 14 став 1 точка 40 од Статутот на општина Крива Паланка („Сл.гласник на општина Крива Паланка “ бр. 08/2010, 08/2014 ,02/2018, 03/2019, 08/2021), Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 31.08.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
# ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Локален Совет за превенција (ЛСП) за подрачјето на општина Крива Паланка.

**Член 2**

Со Локалниот Совет за Превенција заседава Градоначалникот на Општина Крива Паланка, Сашко Митовски.

Претставници во Советот од член 1 на оваа одлука се:

- Зоран Николовски-Помошник Командир за ЈРМ и Превенција ,
- Иле Коцевски -Командир на ТППЕ
- Миле Марковски Директор на ЈП Комуналец
- Изабела Павловска -Претседател на Советот на Општина Крива Паланка,
- Тања Д.Митровска ,Емил Спасовски и Славица Петковска -Членови на Советот на Општина Крива Паланка,
- Преставник од Одделение за ЛЕР –Лилјана Стојановска,
- Димитар Петровски -Преставник на НВО,
- Претставнци од Министерството за образование:
  - Марина Ј.Митовска –ООУ Јоаким Крчовски ,
  - Даница Крстевска-ООУ Илинден,
  - Катерина Митовска Наковска-СОУ Ѓорче Петров ,
- Бранко Стаменковски –Директор на ЈЗУ Здравствен Дом -Претставник од Министерството за здравство,
- Александар Смиљков- Претставник од религиозните заедници,
- Дарко Пешовски Претставник на советодавни групи на граѓани,
- Драгана Ѓошевска -Претставник од Центарот за социјални работи, и
- Ирена Белешковска-Претставници од медиуми .

**Член 3**

Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Крива Паланка како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање локален совет за превенција бр. 07-1064/9 од 30.04.2008 година и Одлуката за измена на Одлуката за формирање на локалниот совет за превенција бр.07- .1936/25 од 22.06.2009 година

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во„ Службен гласник на Општина Крива Паланка „.

**Број 09- 3267/41**
**31.08.2022 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска**